СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Среда, 29 март 2000
Скопје
Број 24 Год. LVI

Претплатата за 2000 година изнесува 7.800 денари. Овој број чини 100 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

1674.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 22 март 2000 година.

Бр. 07-1206/1
22 март 2000 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Борис Трајковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Саво Клинговски**, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/93, 3/94, 14/95, 71/96 и 32/97), членот 1 се менува и гласи:

„Со овој закон се уредува задолжителното пензиско и инвалидско осигурување на работниците во работен однос и на физичките лица кои вршат дејност, основите на капитално финансирано пензиско осигурување, како и посебните услови под кои одделни категории на осигуреници ги остваруваат правата од пензиското и инвалидското осигурување."

Член 2

Членот 2 се менува и гласи:

„Системот на пензиското и инвалидското осигурување е составен од:

– задолжително пензиско и инвалидско осигурување врз основа на генерациска солидарност;

– задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и

– доброволно капитално финансирано пензиско осигурување.

Задолжителното и доброволното капитално финансирано пензиско осигурување поблиску ќе се уредат со посебни закони."

Член 3

Во членот 3 по зборот „праведност" се додаваат зборовите: „и генерациска солидарност".

Член 4

Во членот 4 по зборовите: „во зависност од" се додава зборот „начинот,".

Член 5

Во членот 17 став 1 бројот „63" се заменува со бројот „64", бројот „60" се заменува со бројот „62", а бројот „20" се заменува со бројот „15".

Ставот 2 се менува и гласи:

„Во преодниот период од 1 септември 2000 година до 31 декември 2001 година (маж), односно 31 декември 2007 година (жена), старосната граница за стекнување право на старосна пензија постепено се зголемува и тоа:

Година			маж	жена
01.09.2000	до	31.12.2000	63,5	58,5
01.01.2001	до	31.12.2001	64,0	59,0
01.01.2002	до	31.12.2002		59,5
01.01.2003	до	31.12.2003		60,0
01.01.2004	до	31.12.2004		60,5
01.01.2005	до	31.12.2005		61,0
01.01.2006	до	31.12.2006		61,5
01.01.2007	до	31.12.2007		62,0

Ставовите 3, 4 и 5 се бришат.

Член 6

Членот 32 се менува и гласи:

„Платите од поранешните години кои се земаат за утврдување на пензиската основа се валоризираат со коефициентите пресметани врз основа на движењето на платите на сите вработени во Република Македонија.

Валоризацијата на платите од поранешните години според кои се утврдува пензијата, се врши според просекот на платите во последната календарска година која и претходи на годината во која осигуреникот го остварува правото на пензија.

Коефициентите за валоризација на платите од поранешните години се утврдуваат секоја година единствено за сите плати врз основа на статистичките податоци за движењето на платите на сите вработени во Република Македонија.

Коефициентите за валоризација ги објавува Фондот."

Член 7

Членот 33 се менува и гласи:

„Старосната пензија за осигурениците од член 131 на овој закон се утврдува од пензиската основа во проценти определени зависно од должината на пензискиот стаж која за секоја година пензиски стаж изнесува 0,75% (маж), односно 0,86% (жена) од пензиската основа, а за пензиски стаж пократок од една година, а најмалку шест месеци изнесува 0,375% (маж), односно 0,43% (жена) од пензиската основа.

Старосната пензија за осигурениците од член 132 на овој закон се утврдува од пензиската основа во проценти кои за секоја година исполнет пензиски стаж до 1

септември 2001 година изнесуваат 2,33% (маж), односно 2,60% (жена), а за пензиски стаж пократок од една година, а најмалку шест месеци изнесува 1,165% (маж), односно 1,30% (жена), но најмногу 11,65% (маж), односно 13,00% (жена) од пензиската основа. За секоја натамошна година пензиски стаж исполнет по 1 септември 2001 година, пензијата се определува во висина од 0,75% (маж), односно 0,86% (жена), а за пензиски стаж пократок од една година, а најмалку шест месеци изнесува 0,375% (маж), односно 0,43% (жена) од пензиската основа."

Член 8

Членот 34 се менува и гласи:

„Најнизок износ на старосната пензија остварена од задолжителното пензиско и инвалидско осигурување врз основа на генерациска солидарност и пензијата остварена од задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување не може да изнесува помалку од утврдената просечна плата на сите вработени во Република Македонија во 2000 година, и тоа:

– за корисниците кои пензијата ја остариле со пензиски стаж над 35 години (маж), односно над 30 години (жена), во висина од 41%;

– за корисниците кои пензијата ја остариле со пензиски стаж над 25 години (маж), односно над 20 години (жена), во висина од 38% и

– за корисниците кои пензијата ја остариле со пензиски стаж до 25 години (маж), односно до 20 години (жена), во висина од 35%.

Пензијата од став 1 на овој член се усогласува со процентот со кој се усогласуваат другите пензии."

Член 9

Членот 36 се брише.

Член 10

Членот 37 се менува и гласи:

„Усогласувањето на старосната пензија се врши според движењето на индексот на трошоците на животот во висина од 80% и движењето на просечно исплатената нето плата на сите вработени во Република Македонија во висина од 20%.

Пензијата од став 1 на овој член се усогласува од 1 јануари и од 1 јули секоја година според процентот кој се добива како збир на движењето на индексот на трошоците на животот во претходното полугодие и процентот на движењето на просечно исплатената нето плата на сите вработени во Република Македонија во претходното полугодие во однос на полугодието кое му претходи.

Заради примена на став 1 од овој член пензијата остварена во тековната година претходно се сведува во месечен износ според порастот на платите од декември претходната година во однос на просечната плата од истата година."

Член 11

Членот 65 се менува и гласи:

„Инвалидската пензија во случај на инвалидност причинета со повреда на работа или професионална болест се определува во висина од 80% од пензиската основа за пензија остварена до 2015 година, а инвалидската пензија остварена по 2015 година се определува во проценти кои изнесуваат:

Година	Процент
2016	79,68
2017	79,36
2018	79,04
2019	78,72
2020	78,40
2021	78,08
2022	77,76
2023	77,44
2024	77,12
2025	76,80
2026	76,48
2027	76,16
2028	75,84
2029	75,52
2030	75,20
2031	74,88
2032	74,56
2033	74,24
2034	73,92
2035	73,60
2036	73,28
2037	72,96
2038	72,64
2039	72,32
2040	72,00

Инвалидската пензија во случај на инвалидност причинета со болест или повреда надвор од работа се определува од пензиската основа во проценти според член 193-б на овој закон.

Инвалидската пензија определена според став 2 на овој член, во случај на инвалидност настаната пред наполнувањето на годините на живот од член 17 на овој закон, не може да изнесува помалку од процентите утврдени за годината во која е остварено правото на пензија, и тоа:

Година	Проценти	
	Маж	жена
2000	44,00	53,00
2001	43,60	52,40
2002	43,20	51,80
2003	42,80	51,20
2004	42,40	50,60
2005	42,00	50,00
2006	41,60	49,40
2007	41,20	48,80
2008	40,80	48,20
2009	40,40	47,60
2010	40,00	47,00
2011	39,60	46,40
2012	39,20	45,80
2013	38,80	45,20
2014	38,40	44,60
2015	38,00	44,00
2016	37,60	43,40
2017	37,20	42,80
2018	36,80	42,20
2019	36,40	41,60
2020	36,00	41,00

Инвалидската пензија определена според став 2 на овој член, во случај на инвалидност настаната по наполнувањето на годините на животот од член 17 на овој закон, не може да изнесува помалку од процентите утврдени за годината во која е остварено правото на пензија, и тоа:

Година	Проценти	
	,Маж	жена
2000	35,00	40,00
2001	34,47	39,38
2002	33,93	38,77
2003	33,40	38,15
2004	32,87	37,53
2005	32,33	36,92
2006	31,80	36,30
2007	31,27	35,68
2008	30,73	35,07
2009	30,20	34,45
2010	29,67	33,83
2011	29,13	33,22
2012	28,60	32,60
2013	28,07	31,98
2014	27,53	31,37
2015	27,00	30,75

На осигуреникот воен инвалид од I до IV група, како и на друг инвалид кој е изедначен со мирновременски воен инвалид од I до IV група, кој ќе стекне право на инвалидска пензија, пензијата му се определува според став 1 на овој член, ако половина од работниот век му е покриен со пензиски стаж."

Член 12

Во членот 66 став 1 зборовите: „од 80% од пензиската основа" се заменуваат со зборовите: „од пензијата определена според член 65 став 1 на овој закон".

Во ставот 3 по зборовите: „од 80% од пензиската основа" се заменуваат со зборовите: „од пензијата определена според член 65 став 1 на овој закон".

Член 13

Во членот 69 зборовите: „за највисокиот износ на старосна пензија и" се бришат.

Член 14

Во членот 79 по став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Семејната пензија од старосна пензија се определува од пензиската основа во проценти зависно од должинат на пензискиот стаж утврден во член 193-б на овој закон."

Ставовите 2, 3, 4 и 5 стануваат ставови 3, 4, 5 и 6.

Член 15

Во членот 81 став 3 зборовите: „за највисокиот износ на старосна пензија и" се бришат.

Член 16

Во членовите 102 став 2, 103 и 104 зборовите: „Министерство за правосудство и управа" се заменуваат со зборовите: „Министерството за правда", а во член 102 став 1 зборовите: „за кривични дела и стопански престапи" се бришат, а во ставот 3 зборовите: „министерот за правосудство и управа" се заменуваат со зборовите: „министерот за правда".

Член 17

Насловот на главата VII се менува и гласи: „Задолжително капитално финансирано пензиско осигурување".

Член 18

Членот 131 се менува и гласи:

„Со задолжително капитално финансирано пензиско осигурување се опфаќаат осигурениците од членовите 11, 12 и 13 на овој закон, кои прв пат во задолжително пензиско и инвалидско осигурување пристапиле од 1 септември 2001 година, освен осигурениците од глава IV – Стекнување и остварување на правата на определени категории осигуреници под посебни услови."

Член 19

Членот 132 се менува и гласи:

„Осигурениците од членовите 11, 12 и 13 на овој закон, кои биле опфатени во задолжително пензиско и инвалидско осигурување до 1 септември 2001 година, можат по сопствен избор да се вклучат во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, освен осигурениците од глава IV – Стекнување и остварување на правата на определени категории осигуреници под посебни услови.

Осигурениците од став 1 на овој член не можат да го отповикаат сопствениот избор."

Член 20

По членот 132 се додаваат девет нови членови 132-а, 132-б, 132-в, 132-г, 132-д, 132-ѓ, 132-е, 132-ж и 132-з, кои гласат:

„Член 132-а

Стапката на придонесот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување изнесува 7% од основицата за плаќање на придонесот (бруто плата).

Стапката на придонес за пензиско и инвалидско осигурување врз основа на генерациска солидарност претставува разлика меѓу вкупната стапка на придонес за пензиско и инвалидско осигурување и процентот од став 1 на овој член.

За осигурениците за кои придонесот за пензиско и инвалидско осигурување се пресметува и плаќа на нето основица со примена на нето стапка, поделбата на придонесите се врши во ист сооднос според ставовите 1 и 2 на овој член.

Член 132-б

Осигуреникот кој задолжително плаќа придонес за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување има индивидуална сметка и е член во приватен пензиски фонд.

Пензијата од задолжително капитално финансирано пензиско осигурување зависи од акумулираните придонеси и остварениот принос од инвестираните акумулирани придонеси по одбивањето на трошоците.

По остварувањето право на старосна пензија, од задолжително пензиско и инвалидско осигурување врз основа на генерациска солидарност, средствата на осигуреникот од индивидуалната сметка се пренесуваат во посебна институција овластена за исплата на пензии.

Основањето и работењето на институциите од став 3 на овој член се уредува со посебен закон.

Член 132-в

Кога осигуреникот ќе оствари право на инвалидска пензија или семејна пензија од задолжително пензиско и инвалидско осигурување врз основа на генерациска солидарност, приватниот пензиски фонд ги пренесува акумулираните придонеси и остварениот принос на Фондот за исплата на инвалидската, односно семејната пензија.

Член 132-г

Ако не постојат корисници на семејна пензија износот од индивидуалната сметка на осигуреникот се исплаќа на ист начин како и другиот имот, согласно со Законот за наследување.

Член 132-д

За одаочувањето на придонесите и капитално финансираните пензии се применуваат истите прописи кои важат за задолжителното пензиско и инвалидско осигурување врз основа на генерациска солидарност.

Член 132-ѓ

Средствата на приватниот пензиски фонд се состојат од износите добиени од акумулираните придонеси од членовите на фондот и приносите од инвестираните акумулирани придонеси.

Приватниот пензиски фонд ќе биде управуван од Друштво за управување со пензиски фондови.

Член 132-е

Друштвото за управување со пензиски фондови мора да има минимум акционерски капитал и да исполнува други услови утврдени со закон.

Минимумот на акционерски капитал треба да биде уплатен исклучително во парични средства.

Акционерскиот капитал од став 1 на овој член не може да потекнува од заеми и кредити.

Член 132-ж

Овластување за управување со приватен пензиски фонд дава институција определена со закон.

Работењето на Друштвото за управување со пензиски фондови подлежи на постојана супервизија од страна на институцијата од став 1 на овој член.

Ако институцијата од став 1 на овој член утврди дека интересите на членовите на пензискиот фонд се загрозени или оштетени, може да го одземе овластувањето на Друштвото за управување со пензиски фондови согласно со закон.

Член 132-з

Средствата од приватниот пензиски фонд ќе се чуваат одвоено од средствата на Друштвото за управување со пензиски фондови од страна на пособна банка – чувар на имот. Банката-чувар на имот мора да ги исполни условите утврдени со закон."

Член 21

Во членот 172 став 1 точката 2 се менува и гласи: „приходи од дивиденди на акции и добивка од удели".

По точката 2 се додава нова точка 3, која гласи: „приходи од камати на обврзници и благајнички записи".

Ставот 2 се брише.

Досегашните точки 3, 4, 5 и 6 стануваат точки 4, 5, 6 и 7.

Член 22

По членот 172 се додава нов член 172-а, кој гласи:

„Член 172-а

Фондот може да остварува и средства од продажба на удели, акции и други хартии од вредност, најмногу во висина од 40% од вкупниот капитал стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Со средствата од став 1 на овој член Фондот може да купува обврзници на Република Македонија и благајнички записи на Народната банка на Република Македонија во висина од најмногу 50% од средствата остварени од продажбата на уделите, акциите и други хартии од вредност на Фондот."

Член 23

Во членот 175 став 1 точката 3 се брише, а точките 4 и 5 стануваат точки 3 и 4.

Член 24

Во членот 180 по став 6 се додава нов став 7, кој гласи:

„Основицата за пресметување и плаќање на придонесот од платата, односно основицата на осигурување не може да биде повисока од три просечни плати по работник во стопанството во Републиката објавена во тековниот месец."

Ставовите 7, 8, 9, 10 и 11 стануваат ставови 8, 9, 10, 11 и 12.

Член 25

По членот 193-а се додаваат два нови члена 193-б и 193-в, кои гласат:

„Член 193-б

Старосната пензија за осигурениците од членовите 11, 12 и 13 на овој закон кои биле опфатени во задолжително пензиско и инвалидско осигурување до 1 септември 2001 година и, кои не избрале да се вклучат во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и имаат исполнет пензиски стаж најмалку 15 години се утврдува од пензиската основа зависно од должината на пензискиот стаж и изнесува:

Пензиски стаж	Проценти	
	маж	жена
15 години	35	40
15 години и 6 месеци	35,9	41,3
16 години	36,8	42,6
16 години и 6 месеци	37,7	43,9
17 години	38,6	45,2
17 години и 6 месеци	39,5	46,5
18 години	40,4	47,8
18 години и 6 месеци	41,3	49,1
19 години	42,2	50,4
19 години и 6 месеци	43,1	51,7
20 години	44,0	53,0
20 години и 6 месеци	44,9	53,9
21 година	45,8	54,8
21 година и 6 месеци	46,7	55,7
22 години	47,6	56,6
22 години и 6 месеци	48,5	57,5
23 години	49,4	58,4
23 години и 6 месеци	50,3	59,3
24 години	51,2	60,2
24 години и 6 месеци	52,1	61,1
25 години	53,0	62,0
25 години и 6 месеци	53,9	62,9
26 години	54,8	63,8
26 години и 6 месеци	55,7	64,7
27 години	56,6	65,6
27 години и 6 месеци	57,5	66,5
28 години	58,4	67,4
28 години и 6 месеци	59,3	68,3
29 години	60,2	69,2
29 години и 6 месеци	61,1	70,1
30 години	62,0	71,0
30 години и 6 месеци	62,9	71,9
31 години	63,8	72,8
31 година и 6 месеци	64,7	73,7
32 години	65,6	74,6

Пензиски стаж	Проценти	
	маж	жена
32 години и 6 месеци	66,5	75,5
33 години	67,4	76,4
33 години и 6 месеци	68,3	77,3
34 години	69,2	78,2
34 години и 6 месеци	70,1	79,1
35 години	71,0	80,0
35 години и 6 месеци	71,9	
36 години	72,8	
36 години и 6 месеци	73,7	
37 години	74,6	
37 години и 6 месеци	75,5	
38 години	76,4	
38 години и 6 месеци	77,3	
39 години	78,2	
39 години и 6 месеци	79,1	
40 години	80,0	

Старосната пензија за осигурениците од став 1 на овој член кои имаат исполнет пензиски стаж помалку од 15 години се утврдува од пензиската основа во проценти кои за секоја година исполнет пензиски стаж до 1 септември 2001 година изнесуваат 2,33% (маж), односно 2,60% (жена), а за пензиски стаж пократок од една година, а најмалку шест месеци изнесува 1,165% (маж), односно 1,30% (жена) од пензиската основа. За секоја натамошна година пензиски стаж исполнет по 1 септември 2001 година, пензијата се пресметува во висина од 1,80% (маж), односно 2,05% (жена), а за пензиски стаж пократок од една година, а најмалку шест месеци изнесува 0,90% (маж), односно 1,025% (жена) од пензиската основа.

Старосната пензија за осигурениците од членовите 11, 12 и 13 на овој закон опфатени во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување до 1 септември 2001 година, се утврдува од пензиската основа и должината на пензискиот стаж според ставовите 1 и 2 на овој член.

Член 193-в

На осигурениците од членовите 11, 12 и 13 на овој закон кои биле опфатени во задолжително пензиско и инвалидско осигурување до 1 септември 2001 година и кои избрале да бидат вклучени во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, исполнетиот пензиски стаж и остварената плата до 1 септември 2001 година се земаат за исполнување на условите за остварување право на пензија и пресметување на пензиската основа."

Член 26

До престанување на важењето на Законот за исплата на платите во Република Македонија, платите од поранешните години кои се земаат за утврдување на пензиската основа се валоризираат со коефициенти пресметани врз основа на движење на просечната плата на вработените во нестопанството во Републиката.

Валоризацијата на платите од поранешните години според кои се утврдува пензијата, се врши според просечната плата во последната календарска година која и претходи на годината во која осигуреникот го остварува правото на пензија.

Коефициентите за валоризација на платите од поранешните години се утврдуваат секоја година единствено врз основа на статистички податоци за движењето на просечната плата на вработените во нестопанството во Републиката.

Коефициентите за валоризација ги објавува Фондот.

Член 27

До престанување на важењето на Законот за исплата на платите во Република Македонија најнискиот износ на старосна пензија се определува од просечната плата остварена во нестопанството во Републиката во претходната година, и тоа:

– за корисниците кои пензијата ја остварile со пензиски стаж над 35 години (маж), односно над 30 години (жена), во висина од 40%;

– за корисниците кои пензијата ја остварile со пензиски стаж над 25 години (маж), односно над 20 години (жена), во висина од 37% и

– за корисниците кои пензијата ја остварile со пензиски стаж до 25 години (маж), односно до 20 години (жена), во висина од 34%.

По престанување на важењето на Законот за исплата на платите во Република Македонија, а пред 1 септември 2001 година, најнискиот износ на старосна пензија од став 1 на овој член ќе се исплаќа во висина на износот што се исплаќал до денот на престанување на важењето на Законот за исплата на платите во Република Македонија.

Определениот најнизок износ на старосна пензија од ставовите 1 и 2 на овој член повторно не се определува и понатаму се усогласува со процент со кој се усогласуваат и другите пензии.

Член 28

За осигурениците кои не пристапиле во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, највисоката пензија не може да изнесува повеќе од 80% до 2015 година, а по 2015 година не повеќе од процентите утврдени во член 65 став 1 на овој закон од просечната плата остварена во нестопанството во Републиката во претходната година зголемена за 2,7 пати.

По престанување на важењето на Законот за исплата на платите на Република Македонија највисоката пензија од став 1 на овој член не може да изнесува повеќе од 80% до 2015 година, а по 2015 година не повеќе од процентите утврдени во член 65 став 1 на овој закон од просечната плата остварена во Република Македонија во претходната година зголемена за 2,7 пати.

На осигурениците од членовите 11, 12 и 13 на овој закон, кои право на пензија ќе остварат до 1 септември 2001 година, највисоката пензија се определува според ставовите 1 и 2 на овој член.

Определената највисока пензија од ставовите 1 и 2 на овој член повторно не се определува и понатаму се усогласува со процентот со кој се усогласуваат и другите пензии.

Член 29

До престанување на важењето на Законот за исплата на платите во Република Македонија усогласувањето на старосната пензија се врши од 1 јануари и од 1 јули тековната година според движењето на просечната плата на вработените во нестопанството во Републиката, и тоа:

– од 1 јануари според движењето на просечната плата на вработените во нестопанството во Републиката, остварена во декември претходната година во однос на просечната плата во нестопанството, остварена во јуни истата година и

– од 1 јули според движењето на просечната плата на вработените во нестопанството во Републиката, остварена за јуни тековната година во однос на просечната плата во нестопанството, остварена во декември претходната година.

Усогласувањето од став 1 на овој член се врши почнувајќи од исплатата на пензиите за јануари, односно јули тековната година.

Усогласувањето на старосната пензија се врши и во роковите пократки од времето предвидено во став 1 на овој член доколку растот, односно падот на платите биде поголем од 5% за еден или повеќе месеци во однос на месецот за кој е извршено последното усогласување.

Усогласената пензија од став 3 на овој член припаѓа од првиот ден по месецот за кој е утврден порастот на платите.

Заради примена на став 1 на овој член пензијата остварена во тековната година претходно се усогласува според порастот на платите во јануари таа година во однос на целата претходна година.

Член 30

Осигурениците кои на денот на почетокот на примената на овој закон имале најмалку исполнет пензиски стаж од 35 години (маж), односно 30 години (жена), правото на старосна пензија го стекнуваат под условите утврдени во Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 80/93, 3/94, 14/95, 71/96 и 32/97).

Член 31

Осигурениците кои работат на работни места на кои стажот се смета со зголемено траење, право на старосна пензија можат да остварат и со исполнување на 40 години (маж), односно 35 години (жена) пензиски стаж, без оглед на возраста, најдоцна до 1 септември 2005 година.

Член 32

На корисниците кои правата од пензиското и инвалидското осигурување ги остариле пред денот на почетокот на примената на овој закон, тие права се обезбедуваат и по денот на примената на овој закон во ист обем и висина и се усогласуваат според одредбите на овој закон.

Член 33

Недостигот од средства во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување врз основа на генерациска солидарност, настанат поради воведување на задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување, ќе се обезбеди од Буџетот на Република Македонија.

Член 34

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на законот.

Член 35

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија". Членовите 5, 6, 8, 10, 11, 12, 14, 25 (193-б, став 3), 26, 27, 28, 29, 30, 31 и 32 ќе се применуваат од 1 септември 2000 година, а членовите 7, 18, 19, 20, 23, 24, 25 (193-б став 1 и 2 и 193-в) и 33 ќе се применуваат од 1 септември 2001 година.

1675.

Врз основа на член 46 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.03.2000 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ДЕН ЗА ЕКОЛОШКА АКЦИЈА НА МЛАДИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА БР. 23-691/1 ОД 6.03.1995 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката се оформува нов член 1 кој гласи: „Еколошката акција Младите за здрава животна средина ја организираат младите во Република Македонија, во соработка со надлежните државни органи, стручни институции, јавни претпријатија, единиците на локалната самоуправа, еколошки организации и здруженија на граѓани."

Член 2

Членот 1, станува член 2 со следната измена: „Еколошката акција Младите за здрава животна средина започнува на 21-ви март, првиот ден на пролетта – Ден за еколошки активности на младите во Република Македонија."

Член 3

Членот 2, станува член 3 со следната измена: „Во реализацијата на еколошката акција масовно учествуваат сите ученици од основните и средните училишта, студентите и припадниците на АРМ."

Член 4

Ставот 1 од член 2 станува став 2 на новиот член 3 на оваа одлука, со следното дополнување: „Во Еколошката акција покрај учениците од основните и средните училишта да се вклучат и студентите од скопскиот и битолскиот универзитет за и тие да можат масовно да учествуваат во Акцијата. Училиштата да се погрижат во активностите за пошумување да се вклучат сите ученици од петто до осмо одделение, односно тие од средните училишта, за да им се овозможи на младите да засадат најмалку по една млада фиданка.

Студентските организации и старешините во гарнизоните на АРМ да се погрижат во Акцијата во што помасовен број да се вклучат студентите и младите војници и да им помогнат на останатите учесници во нејзиното реализирање."

Член 5

Членот 3, станува член 4 со следното дополнување: „Организатори на Еколошката акција се: Републичкиот координационен одбор, подрачните и општинските координациони одбори."

Ставот 1 станува став 2 со следното дополнување: „Носители на Акцијата се: училишните секции, Унијата на средношколци на Македонија, Младински совет на Македонија и Асоцијацијата на младите војници на АРМ."

Нов став 3 на овој член е: „Во организирањето на Еколошката акција активно учествуваат надлежните државни органи и тоа: Министерство за образование, Министерство за млади и спорт, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство

за урбанизам и градежништво, Министерство за локална самоуправа, Министерство за здравство, Министерство за одбрана и Министерство за животна средина, кое што е координатор на Акцијата."

Член 6

Членот 4 станува член 5 со следната измена: „Министерството за образование во Еколошката акција учествува со учениците од основните и средните училишта и студентите од факултетите и високите школи на скопскиот и битолскиот универзитет заедно со својот наставен кадар и помошно-технички персонал; Министерството за млади и спорт учествува со членството опфатено во младинските организации, секции, рекреативни и спортски клубови; Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство учествува со стручниот кадар, опремата и уредите на ЈП „Македонски Шуми" и ги обезбедува садниците за пошумување од Програмата за проширена репродукција на шумите во Македонија; Министерството за урбанизам и градежништво учествува со стручниот кадар, опремата и уредите и ги обезбедува површините за пошумување, односно ги определува локалитетите за уредување, во согласност со нивната намена утврдена со просторните и урбанистичките планови; Министерството за локална самоуправа учествува со стручниот кадар, опрема и уреди на јавните комунални претпријатија и тие за одржување на јавното зеленило во населените места и ги определува, во соработка со стручните служби во локалната самоуправа, локалитетите и просторите за чистење и ревитализација; Министерството за здравство ги обезбедува медицинските екипи, заедно со специјализирани возила за пружање медицинска помош и учествува со стручен кадар во едукативните активности; Министерството за култура учествува со вклучување на културните установи, културни и уметнички здруженија и клубови; Министерството за одбрана учествува со стручен кадар, возен парк и опрема за припремање на терени за пошумување, расчистување и сл. и со соодветен број на млади војници и нивните старешини во изведувањето на акциите за пошумување; Министерството за труд и социјална политика учествува со вклучување на невработените лица, корисници на паричен надоместок преку Заводот за вработување, во теренските активности во рамките на Акцијата и Министерството за животна средина учествува со стручен кадар и соодветна финансиска поддршка на едукативните еколошки активности предвидени со програмата за реализација на Акцијата."

Став 2 од член 4 останува непроменет.

Член 7

Членот 5 станува член 6 со следната измена: „Организаторите и носителите на Еколошката акција, во соработка со надлежните државни органи и други компетентни институции и организации од член 5 на оваа одлука, конституираат Републички координационен одбор, кој во соработка со подрачните и општинските координациони одбори, подготвува Оперативна програма за нејзина реализација."

Член 8

Членот 6 станува член 7 со следната измена: „Еколошката акција е традиционална и перманентно ќе се изведува во Република Македонија. Акцијата започнува со пригодни свечености и програмски активности на 21 март, првиот ден на Пролетта – Ден за еколошки активности на младите, и се реализира во континуитет во текот на целата година."

Член 9

По членот 7 се формира нов член 8 кој гласи: „Организаторите на Акцијата се должни секоја година да изготвуваат Годишен извештај за реализацијата на програмските активности во Македонија и да го доставуваат до Владата на Република Македонија."

Член 10

Членот 7 станува член 9.

Член 11

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1292/1
21 март 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

1676.

Врз основа на член 27 став 12 од Законот за царините („Службен весник на РМ" бр. 20/93, 63/95 и 15/97), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.03.2000 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМАТА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија и може да се увезе без плаќање царина, а за потребите на Министерството за наука и тоа:

Тарифен број	Тарифна ознака	Наименување	Количина
1	2	3	4
8544		Изолирана жица (вклучувајќи смајлирана или анодизирана жица), кабли (вклучувајќи и коаксијални кабли) и други изолирани електрични спроводници, со или без конектори; кабли од оптички влакна, изработени од поединечно оплаштени влакна, комбинирани или не со електрични спроводници, со или без конектори:	
	8544 41	- Жица за намотки:	
	8544 41 90 00	– Со конектори:	
		--- Други	
		а) 10833A GPIB Cable, 1 meter	4 парчиња
		б) 10833 B GPIB Cable, 2 meter	1 парче
		в) 10833C GPIB Cable, 4 meter	1 парче
		г) BNC test cable, two-meter length	4 парчиња
		д) Test leads, 4 m, BNC for LCR meters	4 парчиња

1	2	3	4
9030		Осцилоскопи, спектрални анализатори и други инструменти и апарати за мерење или контрола на електрични големини, исклучувајќи ги мерачите од тар. број 9028; инструменти и апарати за мерење или откривање алфа, бета, гама, рендгенски, космички или други јонизирачки зрачења:	
	9030 39 99 00	----- Друго	
		а) 4284A precision LCR Meter	1 парче
		б) 4284A opt. 001 Power amplifier	1 парче
		в) 4284A опт. 006 2m/4m Cable Length Operation	1 парче
		г) 16065 A Eht. Bias Fihture	1 парче

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1208/1
21 март 2000 година
Скопје

Претседател на Владата,
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

1677.

Врз основа на член 27 став 12 од Законот за царините („Службен весник на РМ" бр. 20/93, 63/95 и 15/97), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.03.2000 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМАТА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија и може да се увезе без плаќање царина, а за потребите на Министерството за наука и тоа:

Тарифен број	Тарифна ознака	Наименување	Количина
1	2	3	4
8471		Машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици; магнетни или оптички читачи, машини за преснимување на податоци на носители на податоци во кодирана форма и машини за обработка на такви податоци, неспомнати или неопфатени на друго место:	
	8471 80	– Други единици од машините за автоматска обработка на податоци:	
	8471 80 10 00	– Периферни единици	
		а) WS–C 1912S–A (12 port 10 Base Tswitch w/1 100 Base TX; 1 100 Base FX; Ent	2 парчиња
		б) WS-C 1912-A 12 port 10 Base T swtch w/2 100 Base TX ports; Ent Ed	1 парче
		в) WS–C 1924 C–A-24 Port 10-Mb Switsh w/1 100 Base TX1 100 Base FX	1 парче
		г) CISCO Catalyst WS – 2912 MF со придружен софтвер	1 парче
		а) CISCO WS – 1924A периферна единица	3 парчиња
8473		Делови и прибор (освен прекривачи, куфери за машини и сл.) погодни за употреба исклучително или главно со машините од тар. број 8469 до 8472:	
	8473 30	- Делови и прибор на машини од тар. број 8471:	
	8473 30 10 00	– Електронски	
		а) Modul SICSO WS – X 2914-XL-V со software	1 парче

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1207/1
21 март 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

1678.

Врз основа на член 31 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98) и член 25 и 27 од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/99), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14 март 2000 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕН НА ЕКОНОМСКИОТ СОВЕТ

1. м-р Борис Стојменов се разрешува од должноста претседател на Економскиот совет, поради заминување на друга должност.

2. За претседател на Економскиот совет се именува Никола Груевски, министер за финансии.

3. Михајло Толевски се разрешува од должноста член на Економскиот совет, поради заминување на друга должност.

4. За член на Економскиот совет се именува м-р Борко Андреев, министер за стопанство.

5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1113/2
14 март 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

1679.

Врз основа на член 100 став 1 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14 март 2000 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР НА БИБЛИОТЕКАТА „ТАНЕ ГЕОРГИЕВСКИ" – КУМАНОВО

1. За вршител на должноста директор на Библиотеката „Тане Георгиевски" – Куманово се именува Светлана Петрушевска, дипл. социолог.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1138/2
14 март 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

1680.

Врз основа на член 100 став 1 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14 март 2000 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР НА МАТИЧНАТА БИБЛИОТЕКА „КОЧО РАЦИН" – ТЕТОВО

1. За вршител на должноста директор на Матичната библиотека „Кочо Рацин" – Тетово, се именува Енвер Незири, професор по албански јазик.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1273/1
14 март 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

1681.

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14 март 2000 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ШУМИ „МАКЕДОНСКИ ШУМИ" – СКОПЈЕ

1. Ташко Костов се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со шуми „Македонски шуми" – Скопје.

2. За член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со шуми „Македонски шуми" – Скопје се именува Милан Камчев, директор на фирма „Нордекс-инвест" – Кавадарци.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1274/1
14 март 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

1682.

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14 март 2000 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ТРГОВИЈА

1. За советник на министерот за трговија се назначува Јован Тодоров, досегашен помошник директор во Дирекцијата за опрема, машини и возила во „Технометал-Вардар" А.Д. – Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1199/2
14 март 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

1683.

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14 март 2000 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ТРГОВИЈА

1. За советник на министерот за трговија се назначува Крум Ефремов, досегашен самостоен советник во Министерството за трговија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1199/3
14 март 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

1684.

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14 март 2000 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ТРГОВИЈА

1. За советник на министерот за трговија се назначува Сања Милановиќ, досегашен самостоен советник во Министерството за трговија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1199/4
14 март 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

1685.

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14 март 2000 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ТРГОВИЈА

1. За советник на министерот за трговија се назначува Фанија Мангаровска, досегашен самостоен советник во Министерството за трговија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1199/5
14 март 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

1686.

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14 март 2000 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ТРГОВИЈА

1. За советник на министерот за трговија се назначува Николина Каева, досегашен самостоен советник во Министерството за трговија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1199/6
14 март 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

1687.

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14 март 2000 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ТРГОВИЈА

1. Советник на министерот за трговија се назначува Наташа Николова, дипл. филолог.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1199/7
14 март 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

1688.

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14 март 2000 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ТРГОВИЈА

1. За советник на министерот за трговија се назначува Даринка Пановска, досегашен самостоен советник во Министерството за трговија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1199/8
14 март 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

1689.

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14 март 2000 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ТРГОВИЈА

1. За советник на министерот за трговија се назначува Мира Блажевска, досегашен самостоен советник во Министерството за трговија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1199/9
14 март 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

1690.

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14 март 2000 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ТРГОВИЈА

1. За советник на министерот за трговија се назначува м-р Тони Петровски, досегашен самостоен советник во Министерството за трговија – Подрачна единица „Центар" – Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1199/10
14 март 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

1691.

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14 март 2000 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ

1. За потсекретар во Министерството за финансии се назначува м-р Зоран Ставрески, досегашен директор

на Дирекцијата за истражување во Народна банка на Република Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1101/2
14 март 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

1692.

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14 март 2000 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ФИНАНСИИ

1. Се разрешува Доне Николовски од должноста помошник на министерот за финансии.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1205/2
14 март 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

1693.

Врз основа на член 158 став 3 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14 март 2000 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА РЕПУБЛИЧКИ СОВЕТНИК ВО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Се разрешува Михајло Маневски од должноста републички советник во Владата на Република Македонија, поради заминување на друга должност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1304/1
14 март 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

1694.

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14 март 2000 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК ВО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За советник во Владата на Република Македонија се назначува Весна Ликар, инокоресподент во Кабинетот на министерот за урбанизам и градежништво.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1305/1
14 март 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

1695.

Врз основа на член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94 и 63/98) и член 2 од Одлуката за образување на Комисија за сметководствени стандарди („Службен весник на РМ" бр. 30/97), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.03.2000 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ, ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ, СЕКРЕТАР И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА СМЕТКОВОДСТВЕНИ СТАНДАРДИ

1. За претседател, потпретседатели, секретар и членови на Комисијата за сметководствени стандарди, се именуваат:

а) За претседател:

– Драган Мартиновски, помошник на министерот за финансии,

б) За потпретседатели:

– проф. д-р Слободан Марковски, Економски факултет – Скопје,
– Стефан Аритоновски, помошник на министерот за финансии,

в) За секретар:

– Ирена Папазова, началник на Одделението за пресметковен систем и системот на платниот промет во Министерството за финансии,

г) За членови:

1) Од Сојузот на сметководители, финансисти и ревизори на Република Македонија, професорите од:

– Економскиот факултет во Скопје:
– д-р Серафим Томовски,
– д-р Трајко Русевски, и
– д-р Блажо Недев
– Економскиот факултет во Прилеп, професорот
– д-р Здравко Здравковски,
– Киро Соневски, претседател на Сојузот на сметководители, финансисти и ревизори на Република Македонија
– Павле Гацов,
– Иван Китинов,
– Ѓорѓи Чучук, и
– Даниел Дончев.

2) Никола Кацарски, директор на Заводот за платен промет.
– Ацо Илиевски, Министерство за трговија,
– проф. д-р Михаил Петковски, член на Комисијата за хартии од вредност,
– Александар Петрески, директор на Економскиот институт,
– д-р Шабан Превала, вице гувернер на Народната банка на Република Македонија,
– Зорица Трпеска, претставник од Здружението за банкарство и осигурување при Стопанската комора на Република Македонија.

3) Финансиските директори од:
– ЈП „Електростопанство на Македонија" – Скопје,
– А.Д. „ОХИС" – Скопје,
– А.Д. „Тетекс" – Тетово.

2. Решението за именување на претседател, потпретседатели, секретар и членови на Комисијата за

сметководствени стандарди, донесено од Владата на Република Македонија на 23 јуни 1997 година, под број 23-1436/2 објавено во „Службен весник на Република Македонија" бр. 31/97 и Решението за именување на претседател, потпретседател, секретар и членови на Комисијата за сметководствени стандарди, донесено од Владата на Република Македонија на 21 декември 1999 година, под бр. 17-5655/3, објавено во „Службен весник на Република Македонија" бр. 9/2000, се стават вон сила.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1130/1
7 март 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

1696.

Врз основа на член 37 од Законот за платен промет („Службен весник на РМ" бр. 80/93, 65/95, 71/96, 7/98 и 16/2000), министерот за финансии донесува

НАРЕДБА
ЗА ИЗМЕНУВАЊА И ДОПОЛНУВАЊА НА НАРЕДБАТА ЗА СМЕТКИТЕ ЗА УПЛАТА НА ПРИХОДИТЕ ЗА ЈАВНИ ПОТРЕБИ

1. Во Наредбата за сметките за уплата на приходите за јавни потреби („Службен весник на РМ" бр. 69/97, 15/98, 31/98), во делот I – Приходи на Републиката и на единиците на локалната самоуправа, во точка 3 – Данок на промет на производи и услуги се додава нова потточка 3.1.1. – Данок на додадена вредност, во која се додаваат 4 нови броја кои гласат:

„1.) 840-2671 – Данок на додадена вредност при увоз на стоки;
2) 840-2687 – Данок на додадена вредност при продажба на стоки во земјата;
3) 840-2692 – Парични казни за неплаќање на данок на додадена вредност;
4) 840-2715 – Камата за доцнење во плаќање на данок на додадена вредност;"

Во потточката 3.3., бројот 1 се менува и гласи:

„1.) 840-2208 – Акциза на моторен бензин (МБ-86);"

По бројот 1 се додаваат три нови подброја 1.1., 1.2. и 1.3., кои гласат:

„1.1.) 840-2213 – Акциза на моторен бензин (МБ-98);
1.2) 840-2229 – Акциза на безоловен моторен бензин (БМБ-95);
1.3.) 840-2234 – Акциза на млазно гориво и авионски бензин;"

Во истата потточка бројот 2 се менува и гласи:

„2.) 840-2255 – Акциза на дизел гориво (Д-1);"

По бројот 2 се додава нов подброј 2.1. кој гласи:

„2.1.) 840-2260 – Акциза на дизел гориво (Д-2);"

Во истата потточка бројот 3 се менува и гласи:

„3.) 840-2276 – Акциза на масло за горење мазут лесно (Л), масло за горење мазут средно (С), масло за горење мазут тешко (Т), масло за горење мазут екстра тешко (ЕТ), масло за горење мазут ниско сулфурно средно (НСС), масло за горење мазут ниско сулфурно тешко (НСТ);"

По бројот 3 се додава нов подброј 3.1. кој гласи:

„3.1.) 840-2281 – Акциза на масло за горење мазут екстра лесно (ЕЛ),"

Во истата потточка бројот 4 се менува и гласи:

„4.) 840-2297 – Акциза на петролеј за мотори, петролеј за осветлување, авионски моторни масла, минерални и мазивни масла и масти, хипоидни и други минерални масла и масти, како и масла за подмачкување и примарен (суров) бензин."

По бројот 4 се додава нов подброј 4.1. кој гласи:

„4.1) 840-2304 – Акциза на течен нафтен гас;"

Во истата потточка бројот 8 се менува и гласи:

„8.) 840-2325 – Акциза на алкохолни пијалаци (виски),"

По бројот 8 се додаваат два нови подброја 8.1. и 8.2. кои гласат:

„8.1.) 840-2330 – Акциза на алкохолни пијалаци (ракии, вињак и други жестоки пијалаци);
8.2.) 840-2346 – Акциза на алкохолни пијалаци (ликери);"

Во истата потточка бројот 9 се менува и гласи:

„9.) 840-2351 – Акциза при увоз на алкохолни пијалаци (виски),"

По бројот 9 се додаваат два нови подброја 9.1. и 9.2. кои гласат:

„9.1.) 840-2367 – Акциза при увоз на алкохолни пијалаци (ракии, вињак и други жестоки пијалаци);
9.2.) 840-2372 – Акциза при увоз на алкохолни пијалаци (ликери);"

Во истата потточка бројот 14 се менува и гласи:

„14.) 840-2603 – Акциза на луксузни производи (природни скапоцени камења и природен бисер и производи од сите видови форми изработени со бесценети камења и бисер);"

По бројот 14 се додаваат два нови подброја 14.1. и 14.2. кои гласат:

„14.1.) 840-2619 – Акциза на луксузни производи (со рака изработени јазлени теписи со повеќе од 120,000 јазли по $м^2$);
14.2.) 840-2624 – Акциза на луксузни производи (кожа од влекачи, змија, гуштер, крокодил и друго и на сите производи изработени од тие кожи, како и од природни крзна и производи од тоа крзно, облека, обувки и други производи, застапени со повеќе од 50% од вредноста на производот, освен кожа и крзно од домашни животни и производи од тие кожи и крзна);"

Во истата потточка бројот 15 се менува и гласи:

„15.) 840-2645 – Акциза при увоз на луксузни производи (природни скапоцени камења и природен бисер и производи од сите видови форми изработени со бесценети камења и бисер);"

По бројот 15 се додаваат два нови подброја 15.1. и 15.2. кои гласат:

„15.1.) 840-2650 – Акциза при увоз на луксузни производи (со рака изработени јазлени теписи со повеќе од 120,000 јазли по $м^2$);
15.2.) 840-2666 – Акциза при увоз на луксузни производи (кожа од влекачи, змија, гуштер, крокодил и друго и на сите производи изработени од тие кожи, како и од природни крзна и производи од тоа крзно, облека, обувки и други производи, застапени со повеќе од 50% од вредноста на производот, освен кожа и крзно од домашни животни и производи од тие кожи и крзна);"

Во истата потточка бројот 16 се менува и гласи:

„16.) 840-2442 – Акциза на кафе (на сурово кафе по 70 ден/кг);"

По бројот 16 се додаваат два нови подброја 16.1. и 16.2. кои гласат:

„16.1.) 840-2458 – Акциза на кафе (на пржено кафе по 85 ден/кг);

16.2.) 840-2463 – Акциза на кафе (на мелено и екстракт од кафе по 90 ден/кг);"

Во истата потточка бројот 17 се менува и гласи:

„17.) 840-2479 – Акциза при увоз на кафе (на суровo кафе по 70 ден/кг);"

По бројот 17 се додаваат два нови подброја 17.1. и 17.2. кои гласат:

„17.1.) 840-2484 – Акциза при увоз на кафе (на пржено кафе по 85 ден/кг);

17.2.) 840-2416 – Акциза при увоз на кафе (на мелено и екстракт од кафе по 90 ден/кг);"

2. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 април 2000 година.

Бр. 12-3628/1
16 март 2000 година
Скопје

Министер,
Никола Груевски, с.р.

1697.

Врз основа на член 9 став 2 точка 4 и член 63 точка 13 од Законот за Народна банка на Република Македонија (Сл. весник на РМ бр. 29/96, 37/98), Советот на Народна банка на Република Македонија, на својата LXXIX седница одржана на 23.03.2000 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АУКЦИЈА НА КРЕДИТИ НА НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се утврдуваат правилата за спроведување на аукција на кредити во денари на Народна банка на Република Македонија (во натамошниот текст: Народна банка).

2. Народна банка во согласност со рамките на утврдената проекција на монетарната политика и дневните ликвидносни проекции за потребната маса на примарни пари одлучува за спроведување на аукција на кредити.

3. Аукциите се спроведуваат во Народна банка.

4. Право на учество на аукциите имаат сите банки кои се регистрирани согласно со постоечките прописи.

5. Банките кои сакаат да учествуваат на аукциите во своето портфолио мораат да поседуваат хартии од вредност (благајнички записи на Народна банка, обврзници, цертификати за депозит на банките, комерцијални записи) кои ќе ги нудат како колатерал (залог) за добивање на кредит.

6. Народна банка прима како колатерал хартии од вредност кои претходно не се заложени кај друг субјект.

7. Народна банка и учесниците склучуваат договор за меѓусебните права и обврски.

8. Народна банка, на почетокот од секој квартал, објавува листа на хартии од вредност, кои можат да послужат како колатерал за добивање кредит.

II. ОРГАНИЗИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА АУКЦИИТЕ

1. Народна банка составува и објавува месечен календар на аукции на кредити, во согласност со месечната проекција за движењето на ликвидноста во банкарскиот систем.

2. Аукциите се спроведуваат еднаш неделно на повик на Народна банка.

3. По исклучок, Народна банка може да упати повик за вонредна аукција на кредити.

4. Народна банка упатува проспект до сите учесници на аукцијата.

5. Во проспектот се наведуваат условите за учество и спроведување на аукциите на кредити (износот и рокот на понудените кредити, типот на тендерот: тендер со каматни стапки или тендер со износи, процентот на покриеност на кредитите со колатерал).

6. Банките го пријавуваат своето учество на аукциите на кредити со понуда.

а. Понуди за аукции

7. Банките кои сакаат да учествуваат на аукциите ги доставуваат своите понуди до Народна банка во утврдениот термин за доставување на понудите.

Народна банка е должна да обезбеди тајност на условите понудени од учесниците на аукциите.

Понудите за учество на аукциите кои ги доставуваат банките треба да ги содржат следните елементи:

1) Ознака дека документот претставува понуда за учество на аукција;

2) Датум на одржување на аукцијата;

3) Број на аукцијата;

4) Назив на учесникот на аукцијата;

5) Број на жиро-сметка на учесникот;

6) Износ на понудата изразен во денари;

7) Каматна стапка на понудата изразена со точност од две децимали (доколку е тендер со каматни стапки) и

8) Овластено лице на банката учесник на аукцијата.

Банките се должни на Народна банка да ѝ достават список на овластени лица кои ќе можат да ги доставуваат понудите од името на банката.

8. Понудите се доставуваат по пат на електронска пошта (E-mail). Во случај на технички проблеми понудите ќе се доставуваат по телефакс или телефонски, при што потребно е истите да бидат веродостојно потврдени (шифриран факс или снимен телефонски разговор).

Доставените понуди се неотповикливи по истекување на утврдениот термин за доставување на истите.

9. Понудите кои не ги исполнуваат условите предвидени во оваа одлука нема да се разгледуваат на аукцијата.

б. Спроведување на аукциите

Аукциите се спроведуваат по следната постапка:

а) Се проверуваат пристигнатите понуди и се утврдува правото на учество на аукцијата откако ќе се провери исполнувањето на условите пропишани со оваа одлука.

б) Зависно од типот на тендерот, Народна банка ги распоредува понудите врз одредени принципи.

Во случај кога Народна банка спроведува тендер со каматни стапки, тогаш се применуваат следните принципи:

– Принцип на приоритет на понудената камата.

Понудите се распоредуваат според висината на понудената каматна стапка почнувајќи од највисоката каматна стапка.

– Принцип на сразмерна распределба.

Доколку се случи повеќе банки да понудат иста каматна стапка во тој случај Народна банка врши распределба сразмерно на аукцираниот износ на кредит.

Во случај кога Народна банка спроведува тендер со износи, тогаш се применува:

– Принцип на сразмерна распределба.

Народна банка врши распределба сразмерно на аукцираниот износ на кредит.

10. Прифатените понуди се реализираат по понудените услови.

11. Сите неприфатени понуди на аукцијата остануваат без последици.

в. Реализирање на прифатените понуди

12. Народна банка ги известува банките за резултатите од аукцијата.

13. Преносот на средствата по реализираните понуди Народна банка го врши истиот ден.

14. На денот на достасувањето банките ги враќаат користените кредити и плаќаат камата.

Доколку банките на денот на доставување не ги вратат користените кредити, Народна банка ќе го реализира колатералот.

15. За спроведување на оваа одлука, гувернерот на Народна банка пропишува Упатство кое е составен дел на оваа одлука.

16. Оваа одлука влегува во сила 8 дена по објавување во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 15.04.2000 година, на кој ден престанува да важи Одлуката за спроведување аукциска продажба на денарски депозити („Сл. весник на РМ" бр. 19/97).

О. бр. 02-15/LXXIX-1/2000
23 март 2000 година
Скопје

Претседател на
Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
Љубе Трпески, с.р.

1698.

Врз основа на член 9 став 2 точка 2, член 12, став 1 и 2 и член 63 точка 10 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 29/96 – пречистен текст и бр. 37/98), Советот на Народна банка на Република Македонија, на својата LXXIX седница одржана на 23.03.2000 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АУКЦИЈА НА БЛАГАЈНИЧКИ ЗАПИСИ НА НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се утврдуваат правилата за спроведување на аукција на благајнички записи на Народна банка на Република Македонија во денари (во натамошниот текст: Народна банка).

2. Народна банка во согласност со рамките на утврдената проекција на монетарната политика и дневните ликвидносни проекции за потребната маса на примарни пари, одлучува за спроведување на аукција на благајнички записи.

3. Аукциите ги спроведува Народна банка.

4. Право на учество на аукциите имаат сите банки регистрирани согласно со постоечките прописи (во натамошниот текст: учесници).

5. Благајничките записи на Народна банка се во дематеријализирана форма.

6. Народна банка води регистар за сопственоста на благајничките записи на Народна банка.

7. Народна банка и учесниците склучуваат договор за меѓусебните права и обврски по основ на благајничките записи кои се предмет на тргување и заложување.

II. ОРГАНИЗИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА АУКЦИИТЕ

1 Народна банка составува и објавува месечен календар на аукции на благајнички записи на Народна банка, во согласност со месечната проекција за движењето на ликвидноста во банкарскиот систем.

2 Аукциите се спроведуваат, еднаш неделно, на повик на Народна банка

3. По исклучок, Народна банка може да упати повик за вонредна аукција на благајнички записи.

4. Народна банка упатува проспект до сите учесници во работниот ден кој претходи на денот на одржување на аукцијата.

5. Во проспектот се наведуваат условите за учество и спроведување на аукцијата (износот, рокот на достасување на благајничките записи, висината на лотовите и типот на тендерот: тендер со каматни стапки или тендер со износи).

6. На аукциите се тргува со лотови.

7. Банките го пријавуваат своето учество на аукциите со понуди за купување на благајнички записи.

а) Понуди за аукции

8. Учесниците ги доставуваат своите понуди до Народна банка во утврдениот термин за доставување на понудите.

Народна банка е должна да обезбеди тајност на условите понудени од учесниците на аукциите.

Понудите за учество на аукциите треба да ги содржат следните елементи:

1) Ознака дека документот претставува понуда за учество на аукција;

2) Датум на одржување на аукцијата;

3) Број на аукцијата;

4) Назив на учесникот на аукцијата;

5) Број на жиро сметка на учесникот;

6) Износ на понудата изразен во број на лотови;

7) Цената изразена во проценти на 100 парични единици номинална вредност со точност од четири децимали; и

8) Ополномоштено лице на учесникот на аукцијата.

Учесниците на аукциите се должни на Народна банка да и достават список на ополномоштени лица кои ќе можат да ги доставуваат понудите.

9. Понудите се доставуваат по пат на електронска пошта (E-mail). Во случај на технички проблеми понудите ќе се доставуваат по телефакс или телефонски, при што потребно е истите да бидат веродостојно потврдени (шифриран факс или снимен телефонски разговор).

Доставените понуди се неопозивикливи по истекот на утврдениот термин за прием на понуди.

10. Понудите кои не ги исполнуваат условите предвидени во оваа одлука нема да се разгледуваат.

б) Спроведување на аукциите

11. Аукциите се спроведуваат по следната постапка:

а) Се проверуваат пристигнати понуди и се утврдува правото на учество на аукцијата откако ќе се провери исполнувањето на условите пропишани со оваа одлука.

б) Зависно од типот на тендерот, Народна банка ги распоредува понудите спрема одредени принципи.

Во случај кога Народна банка спроведува тендер со каматни стапки тогаш се применуваат следните принципи:

– Принцип на приоритет на понудената цена.

Понудите се распоредуваат според понудената цена почнувајќи од највисоката цена.

– Принцип за сразмерна распределба.

Доколку се случи повеќе учесници во исто време да понудат иста цена во тој случај Народна банка врши распределба сразмерно на аукцираниот износ за купување на благајнички записи.

Во случај кога Народна банка спроведува тендер со износи тогаш се применува:

– Принцип за сразмерна распределба.

Народна банка врши распределба сразмерно на аукцираниот износ за купување на благајнички записи.

12. Прифатените понуди се реализираат според понудените услови.

13. Сите неприфатени понуди на аукцијата остануваат без последици.

в) Реализирање на прифатените понуди

14. Народна банка го известува секој учесник на аукцијата за резултатот од истата.

15. Учесниците на аукцијата се должни за купените благајнички записи да извршат уплата истиот ден, по завршувањето на аукцијата на сметка на Народна банка. Тој ден се смета за датум кога е извршена продажбата на благајничките записи.

16. Продадените благајнички записи Народна банка ги евидентира по електронски пат при што се заведуваат следните податоци:

1) Името на купувачот на благајнички записи;

2) Жиро сметка на купувачот;

3) Број на аукцијата;

4) Номинален износ на купените благајнички записи; и

5) Цена по која се купени благајничките записи.

Народна банка издава документи за потврда на сопственоста и преносот на благајничките записи.

III. СЕКУНДАРЕН ПАЗАР НА БЛАГАЈНИЧКИ ЗАПИСИ

1. Со благајничките записи на Народна банка може да се тргува на секундарниот пазар.

IV. ИСПЛАТА НА БЛАГАЈНИЧКИ ЗАПИСИ

1. На денот на достасување на благајничките записи, Народна банка врши исплата на номиналниот износ на благајничките записи.

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. За спроведување на оваа одлука, гувернерот на Народна банка пропишува упатство кое е составен дел на оваа одлука.

2. Оваа одлука влегува во сила 8 дена по објавување во „Службен весник на Република Македонија".

3. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за спроведување на аукција на благајнички записи на Народна банка на Република Македонија и аукција на државни хартии од вредност („Сл. весник на РМ" 9/96 и 61/98) и Одлуката за издавање благајнички записи на Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 6/94, 15/94 и 61/98).

Претседател на
Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
Љубе Трпески, с.р.

О. бр. 02-15/LXXIX-2/2000
23 март 2000 година
Скопје

1699.

Врз основа на член 63 точка 31 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Сл. весник на РМ" бр. 29/96, 37/98), Советот на Народна банка на Република Македонија, на својата LXXIX седница одржана на 23.03.2000 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА НАЧИНОТ НА ДОСТАВУВАЊЕ И СОДРЖИНАТА НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА ДНЕВНАТА ЛИКВИДНОСТ НА БАНКИТЕ И ШТЕДИЛНИЦИТЕ

1. Банките и штедилниците се должни секој работен ден до 12 часот со телефакс, телекс, телефон или електронска пошта да ѝ доставуваат на Народна банка на Република Македонија податоци за дневната ликвидност на банките и штедилниците со состојба на крајот на претходниот ден, што се смета за почетна состојба во тековниот ден.

2. Податоците за дневната ликвидност на банките од точка 1 треба да содржат:

1) Состојба на жиро сметката на банката (сметка 1000);

2) Состојба на денарска готовина во трезорот и благајната на банката (сметка 101);

3) Состојба на сметката на задолжителна резерва на банката (сметка 1410);

4) Состојба на користени кредити од аукција на кредити на Народна банка на Република Македонија (сметка 8640);

5) Состојба на купени благајнички записи на Народна банка на Република Македонија без благајнички записи дадени во колатерал (сметка 1340);

6) Користен ломбарден кредит од страна на банката (сметка 8630);

7) Користени средства од страна на банката преку СВОП трансакција (сметка 2540);

8) Состојба на:

– 8а) пласирани средства на банки и штедилници со и без посредство на пазарот на пари (сметка 4151 и сметка 4152);

– 8б) користени средства од банки и штедилници со и без посредство на пазарот на пари (сметка 8451 и сметка 8452);

9) Состојба на купени државни хартии од вредност, без државни хартии од вредност дадени во колатерал (сметка 135);

10) Краткорочни хартии од вредност:

– 10а) состојба на купени хартии од вредност без хартии од вредност дадени во колатерал (сметка 134);

– 10б) состојба на емитирани хартии од вредност (сметки од група 83);

11) Нето состојба на банката (1+2+3-4+5-6-7+8а-8б+9+10а-10б);

12) Состојба на штедни влогови на граѓаните (сметка 8271);

13) Состојба на тековни сметки на граѓаните (сметка 8071);

14) Состојба на жиро сметки на граѓаните (сметка 8070);

15) Состојба на жиро сметки на депоненти (сметка 503 и 500);

16) Вкупни депозитни пари (12+13+14+15).

Податоците за дневната ликвидност на штедилниците од точка 1 треба да содржат:

1) Состојба на жиро сметка на штедилницата (сметка 1000);

2) Состојба на денарска готовина во трезорот и благајната на штедилницата (сметка 101);

3) Состојба на сметката на задолжителна резерва на штедилницата (сметка 1412);

4) Состојба на:

– 4а) пласирани средства на банки и штедилници со и без посредство на пазарот на пари (сметка 4151 и сметка 4152);

– 4б) користени средства од банки и штедилници со и без посредство на пазарот на пари (сметка 8451 и сметка 8452);

5) Состојба на купени државни хартии од вредност, без државни хартии од вредност дадени во колатерал (сметка 135);

6) Краткорочни хартии од вредност:

– 6а) состојба на купени краткорочни хартии од вредност, без хартии од вредност дадени во колатерал (сметка 134);

– 6б) состојба на емитувани хартии од вредност (сметка 837);

7) Нето состојба на штедилниците (1+2+3+4а-4б+5+6а-6б);

8) Состојба на штедни влогови по видување и орочени до три месеци;

9) Состојба на штедни влогови орочени над три месеци (9+10)

3. Оваа одлука влегува во сила 8 дена по објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

4. Со влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за начинот на доставување и содржина на податоците за дневната ликвидност на банките и штедилниците („Сл. весник на РМ" бр. 38/92, 28/94).

О.бр.02-15/LXXIX-3/2000
23 март 2000 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
Љубе Трпески, с.р.

(Име на банката)

Образец ДЛБ

ИЗВЕШТАЈ ЗА ДНЕВНА ЛИКВИДНОСТ

Состојба на _____ (во илјади денари)

1	Жиро сметка (с-ка 1000)	
2	Денарска готовина во трезорот и благајната (с-ка 101)	
3	Состојба на сметката на задолжителна резерва (с-ка 1410)	
4	Состојба на користени кредити од аукција на кредити на НБРМ (с-ка 8640)	
5	Состојба на купени благајнички записи на НБРМ без благајнички записи дадени во колатерал (с-ка 1340)	
6	Користен ломбарден кредит (с-ка 8630)	
7	Користени средства преку СВОП трансакција (с-ка 2540)	
8	Состојба на:	
8а	- пласирани средства на банки и штедилници со и без посредство на пазарот на пари (с-ка 4151 и с-ка 4152)	
8б	- користени средства од банки и штедилници со и без посредство на пазарот на пари (с-ка 8451 и с-ка 8452)	
9	Состојба на купени државни хартии од вредност без државни хартии од вредност дадени во колатерал (с-ка 135)	
10	Краткорочни хартии од вредност:	
10а	- состојба на купени хартии од вредност без хартии од вредност дадени во колатерал (с-ка 134)	
10б	- состојба на емитирани хартии од вредност (сметки од група 83)	
11	**Нето состојба на банката (1+2+3-4+5-6-7+8а-8б+9+10а-10б)**	
12	Состојба на штедни влогови на граѓаните (с-ка 8271)	
13	Состојба на тековни сметки на граѓаните (с-ка 8071)	
14	Состојба на жиро сметки на граѓаните (с-ка 8070)	
15	Состојба на жиро сметки на депоненти (с-ка 503 и 500)	
16	**Вкупни депозитни пари (12+13+14+15)**	

(место и дата)

(потпис и печат)

_____ Образец ДЛШ

(Име на штедилницата)

ИЗВЕШТАЈ ЗА ДНЕВНА ЛИКВИДНОСТ

Состојба на _____

(во илјади денари)

1	Жиро сметка (с-ка 1000)	
2	Денарска готовина во трезорот и благајната (с-ка 101)	
3	Состојба на сметката на задолжителна резерва (с-ка 1412)	
4	Состојба на:	
4а	- пласирани средства на банки и штедилници со и без посредство на пазарот на пари (с-ка 4151 и с-ка 4152)	
4б	- користени средства од банки и штедилници со и без посредство на пазарот на пари (с-ка 8451 и с-ка 8452)	
5	Состојба на купени државни хартии од вредност без државни хартии од вредност дадени во колатерал (с-ка 135)	
6	Краткорочни хартии од вредност:	
6а	- состојба на купени хартии од вредност без хартии од вредност дадени во колатерал (с-ка 134)	
6б	- состојба на емитирани хартии од вредност (с-ка 837)	
7	Нето состојба на штедилницата (1+2+3+4а-4б+5+6а-6б)	
8	Состојба на штедни влогови по видување и орочени до три месеци	
9	Состојба на штедни влогови орочени над три месеци	
10	Вкупни штедни влогови (8+9)	

_____ _____

(место и дата) (потпис и печат)

1700.

Врз основа на член 10, 11 и 19, став 3 точка 3 и член 63 точка 9 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 29/96-пречистен текст и бр. 37/98), Советот на Народна банка на Република Македонија, на својата LXXIX седница одржана на 23.03.2000 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ, ИЗДВОЈУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНА РЕЗЕРВА НА БАНКИТЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА НИВНАТА ДНЕВНА ЛИКВИДНОСТ

1. Во Одлуката за пресметување, издвојување и користење на задолжителна резерва на банките за одржување на нивната дневна ликвидност („Сл. весник на РМ“ бр. 62/95, 9/96, 53/96, 65/96, 26/97 и 21/99) се вршат следните измени и дополнувања:

а) Во точка 3 став 1 се менува и гласи:

„Обврската за задолжителна резерва се пресметува на тој начин што се зема просечната дневна состојба на депозитите за секој работен ден во текот на претходниот месец и се множи со стапките определени во точка 2 став 1 алинеја 1 и 2 од Одлуката за пресметување, издвојување и користење на задолжителна резерва на банките за одржување на нивната дневна ликвидност. Пресметаната обврска за задолжителна резерва се утврдува за периодот од 11-ти во тековниот месец до 10-ти во следниот месец.“

б) Во точка 7 став 1 процентот „40“ се заменува со процентот „60“;

в) Во точка 7 став 1 зборовите „состојбата на издвоените средства“ се заменуваат со зборовите: „обврската за задолжителна резерва“;

г) Во точка 7 став 3 алинеја 1 и став 4 се бришат;

д) Во точка 8 став 1 процентот „40" се заменува со процентот „60";

ѓ) Во точка 8 став 2 зборовите: „и продажба на депозити на Народна банка на Република Македонија" се бришат.

2. Оваа одлука влегува во сила 8 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија.

О.бр. 02-15/LXXIX-4/2000
23 март 2000 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
Љубе Трпески, с.р.

1701.

Врз основа на член 63 став 1 точка 11 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 29/96 – пречистен текст и бр. 37/98), Советот на Народна банка на Република Македонија, на својата LXXIX седница одржана на 23.03.2000 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ДАВАЊЕ НА КРЕДИТИ НА БАНКИТЕ И ШТЕДИЛНИЦИТЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ДНЕВНАТА ЛИКВИДНОСТ

1. Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за условите и начинот на давање на кредити на банките и штедилниците за одржување на дневната ликвидност („Службен весник на РМ" бр. 61/92, 4/93, 6/94, 35/94 и 12/97), сметано од истекот на рокот од 8 дена по објавувањето на оваа одлука во „Службен весник на Република Македонија".

О.бр.02-15/LXXIX-5/2000
23 март 2000 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
Љубе Трпески, с.р.

1702.

Врз основа на член 10 став 1 точка 1, член 17 точка 2 став 2 и член 61а од Законот за платен промет („Сл. весник на РМ" бр. 80/93, 9/94, 65/95, 71/96, 7/98 и 16/2000), Советот на Народна банка на Република Македонија, на својата LXXIX седница одржана на 23.03.2000 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ СО ИНСТРУМЕНТИ ЗА ПЛАЌАЊЕ ШТО ГЛАСАТ НА ГОЛЕМИ ИЗНОСИ

1. Во Одлуката за начинот на извршување на платниот промет со инструменти за плаќање што гласат на големи износи („Сл. весник на РМ" бр. 50/97 и 13/98) се вршат следните изменувања и дополнувања:

а. Во точка 1, во став 1 и 3 бројот „5,000.000,00" се заменува со бројот „3.000.000,00".

б. Во точка 1 став 4 зборовите: „позајмици кои се вршат со или без посредство на Пазарот на пари" се бришат и се додаваат зборовите: „плаќања (позајмици на средства кои се вршат со или без посредство на пазарот на пари, купување на девизи на девизен пазар, плаќања на камата и други плаќања кои произлегуваат од меѓусебно работење)".

2. Оваа одлука влегува во сила во рок од 8 дена од објавувањето во „Сл. весник на РМ", а ќе се применува од 17 04 2000 година

3. Се овластува Дирекцијата за централно банкарски операции да изготви пречистен текст на Одлуката за начинот на извршување на платниот промет со инструменти за плаќање што гласат на големи износи.

О. бр. 02-15/LXXIX-8/2000
23 март 2000 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
Љубе Трпески, с р

1703.

Врз основа на член 10 став 1 точка 1, член 17 точка 2 став 2 и член 61а од Законот за платен промет („Сл. весник на РМ" бр 80/93, 9/94, 65/95, 71/96, 7/98 и 16/2000), Советот на Народна банка на Република Македонија, на својата LXXIX седница одржана на 23.03.2000 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ СО ИНСТРУМЕНТИ ЗА ПЛАЌАЊЕ ШТО ГЛАСАТ НА ГОЛЕМИ ИЗНОСИ
(пречистен текст)

1. Под инструменти за плаќање што гласат на големи износи во смисла на оваа одлука, се подразбираат сите видови на инструменти за плаќање (во натамошниот текст. налози за големи плаќања), со кои во текот на денот, со посредство на Заводот за платен промет, се пренесуваат средства во износ од 3.000.000,00 и над 3.000.000,00 денари.

Налозите за големи плаќања ги издаваат банките и Народна банка на Република Македонија (во натамошниот текст: носители на платен промет за големи плаќања), депонентите на банките и депонентите на Народна банка на Република Македонија (во натамошниот текст: учесници во платен промет).

Како налози за големи плаќања од став 1 на оваа точка, ќе се сметаат и налозите за плаќање што учесниците и носителите на платниот промет ги издаваат за ист доверител во текот на денот, доколку нивниот вкупен збир гласи на износ од 3.000.000,00 денари и над 3.000.000,00 денари.

Како големи плаќања се сметаат сите меѓубанкарски плаќања (позајмици на средства кои се вршат со или без посредство на Пазарот на пари, купување на девизи на девизен пазар, плаќање на камата и други плаќања кои произлегуваат од меѓусебно работење) и сите плаќања од и кон Народна банка по сите основи во износ од 1.000.000,00 и над 1.000.000,00 денари, како и плаќањата што банките ги вршат по објавувањето на нето состојбата на жиро-сметката на банките по основ на големи плаќања, без оглед на тоа на колкав износ гласат плаќањата.

2. Учесниците во платниот промет ги доставуваат налозите за големи плаќања до носителот на платен промет преку кој ќе се реализираат плаќањата, најдоцна до 11,00 часот во текот на денот во кој има намера да ги изврши плаќањата

Налозите за големи плаќања од точка 1 од оваа одлука, Заводот за платен промет (како носител на платен промет за останатите плаќања), нема да ги прима, освен налозите за големи плаќања издадени од депонентите на Народна банка на Република Македонија и налозите за големи плаќања што ги извршува Заводот за платен промет согласно прописите.

3. Носителите на платен промет за големи плаќања се должни да ги примаат налозите за големи плаќања од точка 1 на оваа одлука, од учесниците во платен промет, најдоцна до 11,00 часот на денот на извршувањето.

Примените налози за големи плаќања од став 1 на оваа точка и налозите за големи плаќања кои се издадени по иницијатива на носителот на платен промет за големо плаќање (банката), банката ги одвојува, односно ги специфицира на два вида обрасци кои ги пропишува Народна банка на Република Македонија. Притоа, обработувањето и специфицирањето на налозите за големи плаќања кои се однесуваат на меѓусебните плаќања на депоненти на иста банка ќе се врши на пропишан Образец 1, додека налозите за големи плаќања кои се однесуваат за плаќања спрема други банки ги обработува и специфицира на пропишан Образец 2.

Образец – 1 заедно со налозите за големи плаќања, носителот на платен промет за глеми плаќања (банката) го доставува директно во Заводот за платен промет, најдоцна до 12,30 часот на денот на извршувањето.

Образец – 2 носителот на платниот промет за големи плаќања (банката) го доставува до Народна банка на Република Македонија најдоцна до 12,00 часот, на денот на извршувањето.

4. Народна банка на Република Македонија врз основа на добиените Обрасци – 2 врши мултилатерално пребивање на налозите за големи плаќања за банките (како носители на платниот промет за големи плаќања) при што ја утврдува претходната нето состојба на нивните жиро-сметки, која најдоцна до 12,30 часот ја соопштува на секоја банка поодделно.

5. По извршеното мултилатерално пребивање на налозите за големи плаќања, банката која има негативна состојба на својата жиро-сметка е должна до 13:30 часот да обезбеди средства најмалку во висина на искажаната негативна нето состојба на жиро-сметката и за тоа да ја извести Народна банка на Република Македонија најдоцна до 13,45 часот.

6. Народна банка на Република Македонија врз основа на известувањето на банката ја утврдува конечната нето состојба на жиро-сметките на банките врз основа на мултилатералното пребивање на налозите за големи плаќања за секоја банка поодделно до 14:00 часот и ја известува секоја банка поодделно за вкупниот износ на налозите за големи плаќања кои треба да се реализираат во тековниот ден.

7. По добиеното известување од Народна банка на Република Македонија, банките ги доставуваат налозите за големи плаќања за обработка до Заводот за платен промет најдоцна до 15:00 часот. По извршената обработка на налозите за големите плаќања и налозите за малите плаќања, Заводот за платен промет ги известува банката и Народна банка на Република Македонија за дефинитивната состојба на жиро-сметките на банките.

8. Начинот на спроведување на оваа одлука ќе се регулира со посебно Упатство што ќе го донесе гувернерот на Народна банка на Република Македонија, чиј составен дел се Обрасците 1 и 2.

9. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за начинот на извршување на платниот промет со инструменти за плаќање што гласат на големи износи („Сл. весник на РМ" бр. 70/96 и 26/97).

О. бр. 02-15/LXXIX-8/2000/1
23 март 2000 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
Љубе Трпески, с.р.

1704.

Врз основа на член 53 став 2 од Законот за девизно работење („Службен весник на Република Македонија" бр. 30/93 и 40/96) и врз основа на член 29 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/96 – пречистен текст и број 37/98), Советот на Народна банка на Република Македонија, на својата LXXIX седница, одржана на 23.03.2000 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА НАЈМАЛИОТ, ОДНОСНО НАЈГОЛЕМИОТ ИЗНОС НА ДЕВИЗИ КОЈ ОВЛАСТЕНИТЕ БАНКИ ЗА ВРШЕЊЕ ПЛАТЕН ПРОМЕТ СО СТРАНСТВО И КРЕДИТНИ РАБОТИ СО СТРАНСТВО МОРААТ, ОДНОСНО МОЖАТ ДА ГО ДРЖАТ НА СМЕТКИТЕ ВО СТРАНСТВО ОД 01.04.2000 ДО 30.06.2000 ГОДИНА

1. На банките кон добиле овластување за вршење платен промет со странство и кредитни работи со странство до влегување во сила на оваа одлука, им се утврдува износот од УСД 61.204.000 како најмал износ на девизи кој мораат да го држат на сметките во странство и УСД 122.408.000 како најголем износ кој можат да го држат на сметките во странство од 01.04.2000 до 30.06.2000 година.

Поединечните износи за најмалиот, односно најголемиот износ на девизи кој овластените банки за вршење платен промет со странство и кредитни работи со странство мораат, односно можат да го држат на сметките во странство, гувернерот на Народна банка на Република Македонија ќе ги утврдува со одлука за секоја банка поодделно.

Одлуките на гувернерот од претходниот став се обврзувачки во смисла на член 53 став 2 од Законот за девизно работење.

2. Банката што ќе добие овластување за вршење платен промет со странство и кредитни работи со странство, по влегувањето на сила на оваа одлука мора да држи 25% од капиталот потребен за добивање овластување за вршење платен промет со странство и кредитни работи со странство, како најмал износ на девизи на сметките во странство.

Износот од став 1 од оваа точка банката е должна да го достигне во рок од 30 (триесет) дена од денот на добивање на овластувањето за вршење платен промет со странство и кредитни работи со странство.

Поимот износ на девизи кој овластените банки за вршење платен промет со странство и кредитни работи со странство мораат, односно можат да го држат на сметките во странство согласно оваа одлука, претставува износот на девизни средства во позиција пресметан според Одлуката за начинот и условите на купопродажба на девизи меѓу правните лица во Република Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.04.2000 година.

О. бр. 02-15/LXXIX-9/2000
23 март 2000 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
Љубе Трпески, с.р.

1705.

Врз основа на член 13 од Законот за банки и штедилници („Сл. весник на РМ" бр. 29/96-пречистен текст и 37/98) и член 57, член 70 точка 30 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Сл. весник на РМ" бр. 29/96-пречистен текст и 37/98), Советот на Народна банка на Република Македонија, на својата LXXIX седница одржана на 23.03.2000 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛИ СПОРЕД ОДРЕДБИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БАНКИ И ШТЕДИЛНИЦИ

1. Во Одлуката за документацијата и постапката за издавање на дозволи според одредбите на Законот за

банки и штедилници („Сл. весник на РМ" бр. 26/96) се врши следното дополнување:

Во точката 2 под г), после шестата алинеја се додаваат нови шест алинеи, и тоа:

– кредитната политика,

– политика на управување со ликвидноста,

– политика за управување со курсниот ризик,

– политика за управување со други видови на ризици,

– политика за етика и политика за контрола на паричните средства,

– план на основачите на банката за идниот развој од аспект на јакнење на капиталната база.

2. Оваа одлука влегува во сила осум дена од објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

О. бр. 02-15/LXXIX-10/2000
23 март 2000 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
Љубе Трпески, с.р.

1706.

Врз основа на член 63 став 1 точка 23 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Сл. весник на РМ" бр. 29/96-пречистен текст и бр. 37/98), Советот на Народна банка на Република Македонија, на својата LXXIX седница, одржана на 23.03.2000 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЕДИНСТВЕНАТА ТАРИФА ПО КОЈА СЕ НАПЛАТУВААТ НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во Одлуката за единствената тарифа по која се наплатуваат надоместоците за услугите што ги врши Народна банка на Република Македонија („Сл. весник на РМ" бр. 82/92, 68/93, 28/93, 28/94, 67/94, 22/95, 56/95, 62/95, 4/96, 45/96, 60/96 и 61/98) под: VI. Други работи во точката 33.5. по потточката 12 се додава нова потточка 13 која гласи: „Провизија за издавање на решение за измена на решение за вршење менувачки работи заради усогласување на името на правниот субјект со решение за пререгистрација – 3.000,00 денари.

2. Оваа одлука влегува во сила во рок од 8 дена од објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

О. бр. 02-15/LXXIX-11/2000
23 март 2000 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
Љубе Трпески, с.р.

Огласен дел

ЗАПИШУВАЊЕ ВО ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР

Основниот суд во Битола, со решението ПТрег. бр. 198/2000, на регистарска влошка бр. 006411, го запиша во трговскиот регистар објавувањето на план за припојување на "Жито Битола" АД Битола, ул "Иво Лола Рибар" бр. 36, Битола.

Објавување на план за припојување на Трговското друштво "Жито Битола-Хамбби" ДООЕЛ со п.о. Битола кон Акционерското друштво "Жито Битола" Битола.

Од Основниот суд во Битола (12141)

Основниот суд во Штип, со решението Трег. бр. 1612/99, на регистарска влошка бр. 03005513?-3-03-000, го запиша во трговскиот регистар претворањето и усогласувањето на Трговското друштво „ИГМ ЦУМАЈЛИЈА" ДОО, Лозово.

Основачи: – ПОС ИГМ Цумајлија цо с. Лозово, Св. Николе, – Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на РМ, – Агенција на РМ за приватизација.

Дејности: 26.40, 26.61, 26.62, 26.26, 26.63, 26.64, 26.65, 26.66, 52.45, 52.46, 52.48, 52.12, 51.54, 51.53, 51.55, 51.70, 51.57, надворешна трговија со непрехранбени производи.

Во правниот промет со трети лица друштвото истапува во свое име и за своја сметка. За обврските сторени во правниот промет со трети лица друштвото одговара со сиот свој имот.

Управител: Васил Јовановски – со неограничени овластувања.

Од Основниот суд во Штип, Трег. бр. 1612/99. (2153)

Основниот суд во Штип, со решението Трег. бр. 2256/99, на регистарска влошка бр. 03006157?-3-03-000, го запиша во трговскиот регистар усогласувањето со ЗТД на Друштвото за дрвна индустрија и промет „ФАГУСТ ПРОДУКТ БТ" Трајко Трајков и др. доо, с. Ново Село – Струмица.

Друштвото со ограничена одговорност, дрвна индустрија и промет „ФАГУСТ ПРОДУКТ БТ" експорт-импорт, с. Ново Село – Струмица, го менува својот назив во Друштво за дрвна индустрија и промет Фагуст продукт БТ Трајко Трајков и др. доо с. Ново Село – Струмица, и се усогласува со Законот за Трговските Друштва со Договор за друштво, склучен на 21.07.1999 година и именува органи на управување.

Содружници се: Порлидов Благој од с. Босилово бр. 213, Струмица, Трајко Трајков од с. Сушица бр. 168, Струмица и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија.

Дејности: 20.10/1, 20.10/2, 20.20, 20.30, 20.40, 20.51, 20.52, 28.51, 28.52, 31.10, 35.12, 36.11, 36.12, 36.13, 36.14, 36.15, 36.63, 40.10/2, 50.20, 51.12, 51.18, 51.19, 51.21, 51.22, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.39, 51.41, 51.42, 51.42/1, 51.42/2, 51.43, 51.44, 51.45, 51.47, 51.51, 51.52, 51.53, 51.54, 51.55, 51.56, 51.64, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.48, 52.61, 52.74, 63.12, 72.30, 74.12, 74.13, 74.15, 74.16, 74.20, 74.20/1, 74.20/3, 74.20/4, 74.30, 74.40, 74.84, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, застапување на странско лице, продажба на стоки од консигнациони складови, посредување, реекспорт, шпедиција.

Неограничени овластувања, целосна одговорност.

Лице овластени за застапување:

Порлидов Благој – Директор, со неограничени овластувања.

Трајко Трајков – управител, со неограничени овластување.

Од Основниот суд во Штип, Трег. бр. 2256/99. (2154)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Трег. бр. 4844/99, на регистарска влошка бр. 020212307-8-09-000 го запиша во трговскиот регистар усогласувањето со ЗТД на Друштвото за автотранспрот, шпедиција, трговија и услуги „ПАЦ-ПРЕВОЗ" Вале ДООЕЛ, експрот-импрот, ул. „Скупи" бр. 28, Скопје.

